Заклучоци на Секторската работна група за управување со јавните финансии
Април 2026 година

- **Националните власти се обврзуваат ефикасно да ја спроведат Програмата за реформа на УЈФ за периодот 2025–2028 година и Акцискиот план за 2026 година.** Развојните партнери потврдуваат дека новата Програма за реформа на УЈФ за периодот 2025–2028 година е сеопфатна и ги опфаќа слабостите идентификувани во процените на ПЈРФО (PEFA) и ППРУ (SIGMA).

- Развојните партнери констатираат дека **нивото на имплементација на Акцискиот план за 2025 година останува ниско.** Во рамките на столбовите од Програмата за реформа на УЈФ, вкупно се следеа 81 активност, од кои 22 беа завршени, 40 беа во тек на спроведување, а 19 не беа започнати до крајот на годината. Истовремено, во рамките на извештајот се следат 65 таргети за показатели на ниво на мерки, од кои 28 се остварени, 15 се делумно остварени, а 22 не се воопшто остварени. Планирањето треба да биде пореалистично и да ги зема во предвид во поголема мера меѓу-секторските ограничувања што негативно влијаат врз резултатите – како на пример доцнењата во имплементацијата на ИИСУФ (IFMIS) или ограничените капацитети на институциите.

- Владата ќе ги преземе потребните чекори за да создаде услови за повторно објавување тендер и спроведување постапка за доделување договор за **Интегрираниот информациски систем за управување со јавните финансии (ИИСУФ)** во текот на втората половина на 2026 година, како и да ја забрза имплементацијата на Интегрираниот систем за даночни информации (ИСДИ) и Информацискиот систем за управување со државна помош (ИСУДП).

- Развојните партнери изразуваат загриженост во однос на **одложувањето на влегувањето во сила на Законот за буџети до јануари 2028 годин**а. Развојните партнери повикуваат на забрзување на реформите коишто не се условени од имплементацијата на ИИСУФ (IFMIS) пред овој рок, вклучително спроведување на анализи на трошоците, зајакнување на мониторингот на фискалните ризици и финализирање на Извештајот за даночни расходи.

- Владата се обврзува да ги **усвои следните клучни законски акти во 2026 година**:
    - Законот за јавно-приватно партнерство
    - Законот за концесии на добра од општ интерес
    - Законот за државна ревизија

- Законот за Фискалниот совет/Закон за изменување на Законот за буџетите

- Развојните партнери го поздравуваат напредокот во спроведување на **Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.** Сепак, единиците за внатрешна ревизија остануваат фрагментирани и недоволно кадровски екипирани, а многу внатрешни ревизори не се сертифицирани. Се препорачува Владата во 2026 година да ги зајакне административните и професионалните капацитети на единиците за внатрешна ревизија, во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

- Развојните партнери го потврдуваат постигнатиот напредок во спроведувањето на реформите предвидени со **Уредбата за управување со јавни инвестиции.** Сите буџетски корисници во 2026 година ќе достават Обрасци за концепт на проект, а Владата ќе ги забрза активностите за изготвување Единствена листа на проекти за сите извори на финансирање, во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции.

- Министерството за финансии ќе го поедностави прибирањето на релевантни податоци од Управата за јавни приходи и Царинската управа, коишто, кога е тоа применливо, може да се користат за изработка на даночни модели во областите на персоналниот данок на доход (ПДД), данокот на добивка (ДД), данокот на додадена вредност (ДДВ) и акцизните давачки, во рамки на техничката помош којашто ја обезбедува Светската Банка.
  Опфатот и содржината на податоците ќе бидат усогласени со барањата на експертите, достапноста на податоците и согледувањата на релевантните институции.